РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 06.11.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 12 | 853/1 | | |

# 08-408

From:

To: natasagrebenarova@yahoo.com

Date: Monday, November 6, 2023 at 02:52 PM GMT+1

Почитувани,

До Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер доставена е Жалба заведена под бр.08-408 на 06.11.2023 година, од против Имателот на информации Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Согласно член 107 став 1 од Законот за општата управна постапка, во прилог Ви ја доставуваме предметната Жалба, со целокупниот пропратен материјал, со цел во рок од 7 дена од денот на приемот да се произнесете по истата и да ја доставите целокупната документација со која располагате, во врска со предметната Жалба.

Со почит,

**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**
Бул. "Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 (02) 3127 453
Факс: + 389 (02) 3118 038
веб страна: www.aspi.mk

**Agency for protection of the right to free access to public information**
Address: bul."Goce Delcev", 18
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 (02) 3127 453
Fax: + 389 (02) 3118 038
web site: www.aspi.mk

жалба 08-408.pdf
715.9kB

to natasagrebenarova ▾ Fr, 13 Oct, 09:21

Почитувани,

Во согласност со Законот за слободен пристап до информции од јавен карактер, како и Законот за заштита на културното наследство и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, до Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво го доставувам следното барање за информација од јавен карактер.

1. Барам да ми се достават:

   1. Документ со арх. бр. 09 ИП1-29 од 17.03.2023 г.
   2. Записник со бр. 09 ИП1-29 од 16.03.2023 г.
   3. Записник со бр. 08 ИП1-30 од 16.03.2023 г.

2. Дали градежните активности на КП 15972, КО Охрид 3 на во Старо градско јадро на Охрид се прекината и по кој основ?

3. Дали ДИГУ има издадено налог за отстранување на ниво од објект во градба на КП 15972, КО Охрид 3 на . согласно Решение за поништување на одобрение за градба со арх. бр. 28 УП-211/2020 од 10.05.2023 г. издадено од страна на Министерството за транспорт и врски и ако не, која е причината?

Ве замолувам, бараните информации да ми бидат доставени во електронска форма на оваа електронска адреса ю законски утврдениот рок.

Однапред благодарам.

## Cvetan Stanoeski

**From:**
**Sent:** понеделник, 6 ноември 2023 09:21
**To:**
**Subject:** Жалба
**Attachments:** Screenshot_14.pdf; Жалба до АСПИ-ДИГУ- (2).pdf

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
06. 11. 2023
| Орг. един. | Број Numri | Прилог Pranoi | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 08 | 408 | | |

Архивски знак:
Shenja arkivuese:
Рок на чување:
Afati për ruajtje:
20__ година viti

Почитувани,

Во прилог доставувам жалба против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Ќе ве замолам за постапување.
Однапред благодарам,

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

Охрид, 06 ноември 2023

**До: Агенција за заштита на првото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Предмет: Жалба**

Почитувани,

Поради недоставување информации од јавен карактер, <u>против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.</u>

На ден 13 октомври 2023 г. по електронски пат, до овластеното лице во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам доставив барање за информации од јавен карактер, при што барав:

> ***1.*** *Барам да ми се достават:*
>
> 1. *Документ со арх. бр. 09 ИП1-29 од 17.03.2023 г.*
> 2. *Записник со бр. 09 ИП1-29 од 16.03.2023 г.*
> 3. *Записник со бр. 08 ИП1-30 од 16.03.2023 г.*
>
> ***2.*** *Дали градежните активности на КП 15972, КО Охрид 3 на*
> *ю Старо градско јадро на Охрид се прекината и по кој основ?*
>
> ***3.*** *Дали ДИГУ има издадено налог за отстранување на ниво од објект во градба на КП 15972, КО Охрид 3 на огласно Решение за поништување на одобрение за градба со арх. бр. 28 УП-211/2020 од 10.05.2023 г. издадено од страна на Министерството за транспорт и врски и ако не, која е причината?*

До денес, 06.11.2023 г. не ги добив бараните информации, а законскиот рок веќе истече.

Поради тоа, а согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, до вас ја доставувам оваа жалба. Во прилог доставувам и копија од електронски поднесеното барање од 13.10.2023 г.

Ќе ве замолам за постапување.

Однапред благодарам,



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 11-853/2
08.11.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Република Северна Македонија

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -
Одделение за нормативно правни и општи работи

**Датум: 08.11.2023 година**

**ДО:**

**- Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизмот**

**- Сектор за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизмот**

**- Наташа Мирошниченко Велјаноска - Советник урбанистички инспектор**

**ПРЕДМЕТ: Барање за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Согласно член 8, став 3, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. Весник на РСМ" бр. 101/2019) и Процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, потребно е, во рок од пет (5) дена да ја доставите бараната информоција до службеното лице по електонски пат на истата електронска адреса.

Во Прилог: Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам од Ели Аиноска, по електронски пат од е-пошта elli.aini8@gmail.com на 13.10.2023 година.

Наташа Гребенарова Теофиловска - службено лице
Раководител на Одделение за нормативно правни,
општи и административни работи


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев" бр. 18, Скопје
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183, Лок. 107

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12 - 853/3
08.11.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -
Одделение за нормативно правни и општи работи

**Датум: 08.11.2023 година**

**ДО:**

**- Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото**

**- Сектор за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизмот**

**- Јетон Рустеми Самостоен градежен инспектор**

**ПРЕДМЕТ: Барање за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Согласно член 8, став 3, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. Весник на РСМ“ бр. 101/2019) и Процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, потребно е, во рок од пет (5) дена да ја доставите бараната информоција до службеното лице по електонски пат на истата електронска адреса.

Во Прилог: Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам од Ели Аиноска, по електронски пат од е-пошта elli.aini8@gmail.com на 13.10.2023 година.

Наташа Гребенарова Теофиловска - службено лице
Раководител на Одделение за нормативно правни,
општи и административни работи


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183, Лок. 107

Република Северна Македонија

-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-853/4
14.11. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Датум: 10.11.2023 година**

**ДО: Наташа Гребенарова Теофиловска**
Раководител на Одд. за нормативно правни,
Општи и административни работи

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барањето од службеното лице за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање на информација, согласно член 8, став 3, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. Весник на РСМ" бр. 101/2019) и Процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви ја доставуваме информацијата по Барањето доставено до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам со број 12-853/2 од 08.11.2023 година од Елена Аиноска на 13.10.2023 година во кое се бара Записник со бр.08 ИП1-30 од 16.03.2023 година.

Бидејки станува збор за пообемна информација со прилози се внесува и следниот параграф:

Во Прилог: 1. Записник со бр.08 ИП1-30 од 16.03.2023 година.
2. Решение со бр.08 ИП1-30 од 15.05.2023 година.

Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизмот
Наташа Мирошниченко Велјаноска диа
Советник урбанистички инспектор

Република Северна Македонија

-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

ЗАПИСНИК

за извршен вонреден инспекциски надзор

Број: 08-ип1-30

Датум: 16.03.2023 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Министерство за транспорт и врски | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул:Црвена Скопска општина бр:4 Скопје-Центар | |
| Адреса за е-пошта | info@mtc.gov.mk | |
| Телефон | +389 2 3145 49 | |
| Матичен број на субјектот | 4928946 | |
| Даночен број на субјектот | 4030990278246 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | НБРМ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: Светлана Јованоска.дипл.инж.арх. | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Министер :Благој Бочварски | +389 2 3145 497 | info@mtc.gov.mk |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | [16.03.2023] | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | [07.30] | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | [16.03.2023] | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | [15.30] | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши над. | | | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши над. | Булевар: Гоце Делчев, бр:18, Скопје | | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба, бр. _________ од _________ година;

2. **вонреден инспекциски надзор по налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. 01-230/1 од 15.03.2023година;**

3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. _________ од _________ година;

4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број _________ од _________ година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. **Наташа Мирошниченко-Велјаноска, советник урбанистички инспектор**

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

**Изводот во заштитена споменична целина (Старо градско јадро) на Охрид за ГП на КП 15972 во КО Охрид3, со број: 20-6914/2 од 11.08.2020 година,** издаден од ДУП со измена и дополнувања за ПЦГП МЗ-10„Центар„-дел, МЗ-11„Стар Град„-дел и МЗ-6„Кошишта„-дел, без кеј-Охрид со Одлука број: 08-583 од 13.04.1995 година, Согласно член 84 став (3) точка 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20). При вршење на инспекциски надзор, инспекторот проверува дали урбанистичките планови се спроведени согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник,

2. **Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):**

Извршената неправилност е очигледна и нема потреба од листи за проверка .

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

Инспекцискиот надзор се врши без присуство на преставник на субјектот на надзор.

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

Нема други присутни.

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба и на увид разгледани се следниве списи:

- Изводот во заштитена споменична целина (Старо градско јадро) на Охрид за ГП на КП 15972 во КО Охрид3, со број: 20-6914/2 од 11.08.2020 година. (копија во прилог)

-Извод за градежна парцела на КП 15972 КО Охрид 3 (формирана од КП 16281 во КО Охрид – стар број) број: 20-1966/2 од 13.02.2023 година. (копија во прилог)

Согласно член 57 став (1) од истиот Закон, Извод од урбанистички план е копија од графичкиот и текстуалниот дел на планот со нумерички податоци, општите и посебните одредби за спроведување на планот, што се однесуваат на една градежна парцела.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам постапи согласно член 57 став (1) во рамките на своите законски надлежности, испрати барање бр.09-136 на 13.02.2023 година за подетални информации до одделението за спроведување на урбанистички планови во општина Охрид, на што добивме одговор со издаден Извод бр:20-1966/2 од 13.02.2023 година, издаден од ДУП со измена и дополнувања за ПЦГП МЗ-10„Центар„-дел, МЗ-11„Стар Град„-дел и МЗ-6„Кошишта„-дел, без кеј-Охрид со Одлука број: 08-583 од 13.04.1995 година.

Од целокупната документација која ја имавме на располагање, дојдовме до констатација дека во Изводот со број: 20-6914/2 од 11.08.2020година, врз основа на кое е издадено Одобрение за градење бр.28Уп.-211/2020 од 17.12.2020година, не е земен во целост текстуалниот дел на планот со нумерички податоци, општите и посебните одредби за спроведување на планот, што се однесуваат на КП 15972, поточно Урбанистичкиот услов под број 14 кои гласат:

14. Поради специфичноста на теренот (големи падови, вкопување на објектот во теренот) и обележувањето на катност на индивидуалните станбени објекти е специфична:

ВП -објектот е со два катни висини од кои долната е најчесто делумно вкопана во теренот и содржи помошни простории (гаража, остава, летна кујна) и евентуално влез во објектот со степениште. Висината на овој кат да не е над 2.40м, а котата на подот 10см, над нивото на улицата при влезот во објектот. Приземјето на овој објект е станбено со чиста висина од 2.60м.

П+1 -исто како ВП, само уште еден станбен кат. Приземјето на објектот е станбен како и катот. Котата на приземјето е најмногу 90 см, над нивото на улицата при влезот во објектот, што овозможува и изградба на подрум. Висината на приземјето и катот изнесува по 2.60м.

По извршениот увид во содржината на издадениот Изводот во заштитена споменична целина (Старо градско јадро) на Охрид за ГП на КП 15972 во КО Охрид3, со број: 20-6914/2 од 11.08.2020 година, **констатирани се следните неправилности:**

На семејна куќа со планирана П+1, одобрено е катност од: Кат+Приземје+Сутерен+Подрум, со катна висина 2.75м+2.75м+2.50м+2.50м, станбена површина во 3 нивоа и помошни простории во 1 ниво, спротивно на урбанистичките услови под број 14, со кои се дозволува Кат+Приземје+Подрум, со катна висина 2.60м+2.60м+2.40м, станбена површина во 2 нивоа и помошни простории во 1 ниво.

**КОНСТАТАЦИЈА:**

Врз основа на утврдените неправилности во составот и содржината на Извод од ДУП со бр.20-6914/2 од 11.08.2020 година урбанистичкиот инспектор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам согласно член 86 од Законот за урбанистичко планирање :

- **Ќе донесе решение со кое ќе го поништи Изводот со содржина спротивна на одредбите на овој законот.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

– ______________________________

– ______________________________

– ______________________________

– ______________________________

– ______________________________

– ______________________________

– ______________________________

– ______________________________

| | | |
|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: |
| Датум: | | Датум: 16.03.2023 |

Република Северна Македонија

-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам преку советник урбанистички инспектор Наташа Мирошниченко-Вељаноска, со службена легитимација број А090200001, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, Министерство за транспорт и врски, со адреса ул: Црвена Скопска општина бр: 4 Скопје-Центар, ЕМБГ 4928946, застапувано од Министер Благој Бочварски и Општина Охрид со адреса, ул: Димитар Влахов, бр: 57, Охрид, ЕМБС 6020879, застапувано од Градоначалник Кирил Пецаков и со Записник број 08-ип1-30 од 16.03.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ„ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ„ број 32/20) го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

1) Се ЗАДОЛЖУВА Градоначалникот на општина Охрид да го поништи Изводот од ДУП со број 20-6914/2 од 11.08.2020 година, употребен во постапка со број 18443 во електронскиот систем е-урбанизам, водена од Министерство за транспорт и врски.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува осум дена од денот на приемот.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

Образложение

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ„ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ„ број 32/20), преку советник урбанистички инспектор Наташа Мирошниченко-Вељаноска, со службена легитимација број А090200001, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, Министерство за транспорт и врски, со адреса ул:Црвена Скопска општина бр:4 Скопје-Центар, ЕМБГ 4928946, застапувано од Министер Благој Бочварски. Постапувајќи по службена должност урбанистичкиот инспектор на 16.03.2023 година изврши вонреден инспекциски надзор на постапката за изработка на Изводот во заштитена споменична целина (Старо градско јадро) на Охрид за ГП на КП 15972 во КО Охрид3, со број: 20-6914/2 од 11.08.2020 година, издаден од ДУП со измена и дополнувања за ПЦГП МЗ-10„Центар„-дел, МЗ-11„Стар Град„-дел и МЗ-6„Кошишта„-дел, без кеј-Охрид со

Република Северна Македонија

Одлука број: 08-583 од 13.04.1995 година. Од извршениот вонреден инспекциски надзор урбанистичкиот инспектор утврди неправилности во постапката на изработка на Изводот во заштитена споменична целина (Старо градско јадро) на Охрид за ГП на КП 15972 во КО Охрид3, со број: 20-6914/2 од 11.08.2020 година, издаден од ДУП со измена и дополнувања за ПЦГП МЗ-10„Центар„-дел, МЗ-11„Стар Град„-дел и МЗ-6„Кошишта„-дел, без кеј-Охрид со Одлука број: 08-583 од 13.04.1995 година, кои ги констатира со Записник број 08-ип1-30 од 16.03.2023 година. Констатираната фактичка состојба од надзорот е дека Изводот во заштитена споменична целина (Старо градско јадро) на Охрид за ГП на КП 15972 во КО Охрид3, со број: 20-6914/2 од 11.08.2020 година, издаден од ДУП со измена и дополнувања за ПЦГП МЗ-10„Центар„-дел, МЗ-11„Стар Град„-дел и МЗ-6„Кошишта„-дел, без кеј-Охрид со Одлука број: 08-583 од 13.04.1995 година, не е донесен согласно важечката законска регулатива.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за градежништво и урбанизам под број 08ип1-30 од 15.05.2023 година.

Наташа Мирошниченко Велјаноска, д.и.а.
службена легитимација број А090200001
Советник урбанистички инспектор

М.П.

## Република Северна Македонија

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни, општи и административни работи

**Датум: 13.11.2023 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-853/5
14.11.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДО: Наташа Гребенарова Теофиловска**
**Раководител на одделение**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на барањето од службеното лице за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање на информација, согласно член 8, став 3, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. Весник на РСМ“ бр. 101/2019) и Процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви ја доставуваме информацијата по Барањето доставено до Државен инспекторат за градежништво и урбанизам од Ели Аиноска на 13.10.2023 година.

Одговор за добиено Барање за слободен пристам за инфромации од јавен карактер

Во Прилог:
1. Документ со арх. Бр. 09ип1-29 од 17.03.2023 година и Записник со арх. Бр. 09ип1-29 до 16.03.2023 година
2. Граделиштво е затворена со постапување на посебен службен знак бидејќи одобрението за градење е поништено од страна на Министерство за траспорт и врски, со самото поништувањето градбата е без правно за кое ќе се донесе соедветни инспекциски Акти.

Одговорна служба/лице
Јетон Рустеми Самостоен градежен инспектор
Одделение за инспекциски надзор од област на градежништвото
Сектор за инспекциски надзор од област на градежништвото и урбанизмот

______________________________

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

**Арх. Бр: 09ип1--29**
**Датум: 17.03.2023 година**

**До: Министерство за транспорт и врски**
**ул. Црвена Скопска Општина бр.4**
**Скопје**

**Предмет: Предлог за поништување на Одобрение за градење бр.28Уп.-211/2020**

Почитувани,

Градежен инспектор при Државен инспекторат за градежништво и урбанизам врз основа на одредбите од Законот за градење (Сл.Весник на РМ со бр.124/10,.....,64/18, 168/18 и Сл.Весник на РСМ со бр.244/19,18/20 и 279/20, 227/22) и налогот за вршење на вонреден инспекциски надзор издаден од страна на директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, согласно чл.146 став 1 од Закон за градење изврши инспекциски надзор со увид во постапката за издавање на Одобрение за градење со бр.28Уп.-211/2020.

Од извршениот инспекциски надзор е составен Записник со бр. 09ип1-29 од 16.03.2023 год. и е констатирано дека Одобрението за градење бр.28Уп.-211/2020 издадено од страна на Министерство за транспорт и врски е издаден спротивно на Закон за градење. Поради тоа согласно чл.146 став 1 од Закон за градење се дава предлог за поништување на истото.

Прилог:

- Записник (2 ком) 09ип1-29 од 16.03.2023 год.

Со почит,

Самостоен градежен инспектор

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

# ЗАПИСНИК

за извршен инспекциски надзор
Арх.број 09ип1-29 од 16.03.2023 год.

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Министерство за транспорт и врски | |
| Седиште/адреса на субјектот | Црвена Скопска Општина бр.4 Скопје | |
| Адреса за е-пошта | info@mtc.gov.mk | |
| Телефон | +389 2 3145 497 | |
| Матичен број на субјектот | | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Министер Благој Бочварски | | kabinet.minister@mtc.gov.mk |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | [16.03.2023] | Време на почеток на инспекцискиот надзор | [12:00] |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | [17.03.2023] | Време на завршување на инспекцискиот надзор | [16:00] |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Надлежен орган за градби од прва категорија,согласно одредбите од Закон за градење | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Црвена Скопска Општина" бр.4 Скопје | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец ______, ______ година;
2. налог издаден од директор на инспекциската служба, бр. **01-230/1** од 2023 година;
3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. _____ од ________ година;
4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број ______ од ________ година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. , Самостоен градежен инспектор

2.

ниво, **спротивно на урбанистичките услови под број 14**, со кои <u>**се дозволува Кат+Приземје+Подрум**</u>, со катна висина 2.60м+2.60м+2.40м, станбена површина во 2 нивоа и помошни простории во 1 ниво. Врз основа на утврдените неправилности во составот и содржината на Извод од ДУП со бр.20-6914/2 од 11.08.2020 година урбанистичкиот инспектор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам согласно член 86 од Законот за урбанистичко планирање <u>**ќе донесе Решение со кое ќе го поништи Изводот со содржина спротивна на одредбите на овој законот.**</u>

Градежен инспектор при Државен инспекторат за градежништво и урбанизам согласно воочените неправилности од страна на урбанистички инспектор констатира дека:

Поради тоа што основниот проект за добивање на Одобрение за градење со бр.28Уп.-211/2020 **не е изработен** врз основа на Изводот од план, Извод во заштитена споменична целина (Старо градско јадро) на Охрид за ГП на КП 15972 во КО Охрид3, со број: 20-6914/2 од 11.08.2020 год, согласно чл.47 став 1 и чл.59 став 8 од Закон за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,......... , 35/18, 64/18,168/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22), градежен инспектор при Државен инспекторат за градежништво и урбанизам врз основ на законските надлежностите, чл.146 став 1 од Закон за градење, утврдува дека Одобрението за градење бр.28Уп.-211/2020 издадено од страна на Министерство за транспорт и врски е издаден спротивно на Закон за градење. Поради тоа ќе се поднесе писмен предлог за поништување до органот што го донел.

– врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;
2. **утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:**

   Основниот проект за добивање на Одобрение за градење со бр.28Уп.-211/2020 **не е изработен** врз основа на Изводот од план, Извод во заштитена споменична целина (Старо градско јадро) на Охрид за ГП на КП 15972 во КО Охрид3, со број: 20-6914/2 од 11.08.2020 год, согласно чл.47 став 1 и чл.59 став 8 од Закон за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,........., 35/18, 64/18,168/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22). Градежен инспектор при Државен инспекторат за градежништво и урбанизам врз основ на законските надлежностите, чл.146 став 1 од Закон за градење, утврдува дека Одобрението за градење бр.28Уп.-211/2020 издадено од страна на Министерство за транспорт и врски е издаден спротивно на Закон за градење. Поради тоа ќе се преземаат следните мерки:

   - Ќе се поднесе писмен <u>**предлог за поништување на Одобрение за градење бр.28Уп.-211/2020**</u> до Министерство за транспорт и врски како надлежен орган кој го издал одобрението за градење.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен субјектот на надзор (претставникот на субјектот на надзорот) , кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: | |
| Датум: | | Датум: | 17.03.2023 |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-853/6
15.11. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Република Северна Македонија

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -
Одделение за нормативно правни, општи и административни работи

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Ели Аиноска, elli.aini8@gmail.com поднесено на 13.10.2023 годинина, имателот на информацијата Државен инспекторат за градежништво и урбанизам го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето од Ели Аиноска по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.12-853/1 од 06.11.2023 година.

**Се УВАЖУВА.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од Ели Аиноска, elli.aini8@gmail.com имателот на информацијата Државен инспекторат за градежништво и урбанизам Ви ја доставува информацијата:
Инспекторатот со должно внимание го разгледа Вашето барање и по истото во консултација со соодветните одделенија во секторот Ве известува дека градилиштето е затворено со поставување на посебен службен знак бидејќи одобрението за градење е поништено од страна на Министерството за транспорт и врски, со самото поништување на одобрението градбата е безправна за која се донесени соодветни инспекциски акти кои ги доставуваме во прилог.

Во Прилог:
1. Документ со архивски бр.09ип-1-29 од 17.03.2023 година;
2. Записник со архивски бр.09ип1-29 од 16.03.2023 година
3. Записник со архивски бр.08ИП1-30 од 16.03.2023 година и
4. Решение со бр.08ИП1-30 од 15.05.2023 година

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на 15.11.2023 година, под бр. 12-853/6.

По овластување на в.д. Директор Фатмир Арифи
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Наташа Гребенарова Теофиловска – Раководител на одделение за нормативно правни, општи и административни работи


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено: Pranuar: | 15.11.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Pranoi | Вредност Vlera |
| | | | |

# Република Северна Македонија

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни, општи и административни работи

**Датум: 15.11.2023 година**

**ДО:**

**Ели Аиноска**

**е-пошта** **elli.aini8@gmail.com**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-853/7
15.11.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Државен инспекторат за градежништво и урбанизам.**

**ВРСКА: 12-853/1 06.11.2023**

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Во Прилог ви се доставуваат и:

- Решение бр.12-853/6 од 15.11.2023 година;
- Документ со архивски бр.09ип-1-29 од 17.03.2023 година;
- Записник со архивски бр.09ип1-29 од 16.03.2023 година
- Записник со архивски бр.08ИП1-30 од 16.03.2023 година и
- Решение со бр.08ИП1-30 од 15.05.2023 година

Со почит,

Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на одделение за нормативно правни, општи и административни работи - службено лице


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев" бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183
Е-пошта: contact@digu.gov.mk